РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-119/4
23-02-2021

Врз основа на член 17 став 1 точка 10, член 22, член 23 став 1 и член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на продолжението на 46-тата седница одржано на ден 19.02.2021 година донесе

**ОДЛУКА**

Постапката за прекршување на одредбите од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето ____________, поранешен член на Управниот одбор на __________________, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот број 08-3793/1 од 04.11.2020 година.

Предметот со број 08-3793/1 од 04.11.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот број 08-3793/1 од 04.11.2020 година е оформен по сопствена иницијатива, а по постапувањето на ДКСК по предметот број 12-3949 од 2019 година.

ДКСК, во постапувањето по предметот број 12-3949 од 2019 година констатира дека на лицето ____________ му престанала функцијата член на Управниот одбор на ________________ на 19.08.2019 година и дека во законски предвидениот рок по престанување на наведената функција не доставило анкетен лист до ДКСК.

Тргнувајќи од наведеното ДКСК на колегиумот одржан на ден 04.11.2020 година донесе заклучок да иницира прекршочна постапка против лицето ____________ за прекршок утврден во член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

ДКСК согласно член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси на именуваниот му достави прекршочен платен налог број 08-119/2 од 11.01.2021 година.

Од страна на именуваниот е постапено по прекршочниот платен налог, односно е платена половина од глобата утврдена во прекршочниот платен налог.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: А.Ч., советник
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**